# Заштита на компирот од штетници

***Компирова златица***. Најголеми штети прави ларвата, а приносите можат да бидат помали за повеќе од 50%. Штетите што златицата ги предизвикува на компирот се во тоа што имагото и ларвата ги уништуваат лисјата и ако не се спроведат заштитни мерки може да дојде до целосна компромитација на приносот.

Најважна борба против златицата е примена на хемиски средства. Третирањето е најефикасно кога се испилат повеќе од 60% ларви. Најдобро е да се прска пред најголемите жештини во текот на денот, бидејќи младите ларви одат на опачината на листот и кон средните лисје кога сонцето е најјако.

***Земјишни штетници.*** Овде спаѓаат полифагни штетници кои напаѓаат голем број на посеви. Штетите ги прават ларвите кои се хранат со подземните делови на растенијата. Ларвите на скочи бубите (Елатериде) се телени црви, ларвите на гунделите се викаат грчици, а исто така значајни штети прави и гасеницата на подгризувачката совица. Телените црви и грчиците при исхраната ги оштетуваат ртулците, коренот и клубените, а совицата го оштетува или го прегризува приземниот дел на стеблото и клубените. Најголеми штети се прават во периодот август-септември.

Мерките на сузбивање се: плодоред, уништување на плевелите. Примена на гранулирани инсектициди во редови или по цела површина пред или во текот на садењето (Дурзбан, Волатон Г-5, Дифонат Г-10 и др). Третирање на клубените со системични инсектициди.

Други позначајни штетници **се:** растителните вошки и нематодите

***Вошките*** се хранат со сокот, растението го губи тургорот, се деформира и изумира. Тоа се така наречени примарни штети. Секундарните штети настануваат со излачување на медна роса која претставува одлична подлога за развој на габни болести, особено преносителите на вирусни болести.

Борбата против растителните вошки е заштита на посевот со хемиски средства (препарати: Децис ЕЦ, Фастак 10 ЕЦ, Карате 2,5 ЕЦ, и др.)

***Нематодите*** се сметаат за карантински. Треба да се води строга контрола на површините кои се засадени со семенски компир, особено да се следат растенијата кои се заостанати во порастот, жолти и бледи. Мерките на заштита се примена на плодоред и хемиска заштита (со нематоциди)



Телени црви



Компирова златица

**М-р Цветан Јовановски**